РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 17.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 269/1 | | |

( Образец ПП……)
До Општина Валандово
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Дали во 2024 година вработените во Вашата општина учествуваа на обуки за развивање на нивните дигитални вештини?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на обуката, датумите на одржување на обуката, и бројот на вработени од Вашата општина кои учествувале на обуката.
2. Вкупен број на сите услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:
3. Вкупен број на е-услуги за физички и правни лица кои ги испорача Вашата општина во 2024 година?
   - Физички:
   - Правни:
   - Ве замолуваме за линкови до е-услугите на Вашата општина.
4. Дали Вашата општина предвидува дигитализација на услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.
5. Дали во 2024 година, Вашата општина спроведе годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински услуги сакаат да им бидат понудени?
   - Ако да, Ве молиме доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
   - Ако не, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој.
6. Дали Вашата општина предвидува воведување на нови услуги во 2025 година?
   - Ако да, Ве молиме наведете го името на услугата, начинот на нејзино користење (е-услуга или услуга со физичко присуство) и информација за тоа дали општината има утврдено посебен буџет за нив со точниот износ во денари.
   - Доколку не е предвидено воведување на нови дигитални услуги во 2025 година, кои се причините за тоа?

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија

г) електронски запис
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) е-маил [redacted] Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: Назив: [redacted]
телефон: [redacted] е-пошта: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во [redacted] Северна Македонија

Датум 17.02.2025 година

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-269/1 од 17.02.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-269/1 од 17.02.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## О б р а з л о ж е н и е

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов

Изработил: Стефан Димитров
Контролирал: Владимир Лазов
Одобрил: Соња Христова-Јовановиќ

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Архивски бр. 10-269/3
Дата: 18.02.2025 година

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 17.02.2025 година, а заведено во Општина Валандово под архивски број 10-269/1 на 17.02.2025 година, Ве известуваме дека:

**1.** Во текот на 2024 година двајца вработени на Општина Валандово учествуваа на работилница за зајакнување на капацитетите на локалната администрација во Општините корисници на дигиталната платформа „мЗаедница", која се одржа на 13.11.2024 година во Кочани.

**2.** Вкупен број на услуги испорачани во 2024 година:
- Физички лица: 40 и
- Правни лица: 20.

**3.** Вкупен број на е-услуги испорачани во 2024 година:
- Физички лица: 10
- Правни лица: 5

* е-Одобрение за градење (е-Градежна дозвола)
(https://www.gradezna-dozvola.mk/Account/Login?ReturnUrl=%2f),

** е-Урбанизам
(https://www.e-urbanizam.mk/najava.nspx),

*** Пријави проблем

(https://valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%B8_%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B1%D0%BB%D0%B5%D0%BC.aspx),

**** е-Ствари
[redacted]
(https://gradezno-zemjiste.mk/),

****** мЗаедница (барања за еднократна помош, новороденче, прваче, средношколец, анкети)
(https://mzaednica.mk/),

******* Сободен пристап до информации од јавен карактер.

**4.** Општина Валандово за 2025 година предвидува дигитализација на услуга за плаќање на данок на имот која треба да се реализира преку ЗЕЛС.

**5.** Секоја година Општина Валандово спроведува годишно анкетирање и прибирање на предлози за Буџетот и рбаотата на Општината за следната година.

Повик 2024:
https://www.valandovo.gov.mk/%D0%9E%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B8%D0%BD%D0%B8/%D0%9F%D1%80%D0%BE%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8/%D0%9D%D0%BE%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8/2024/ELS/Budjet_2025.aspx

**6.** Преку секојдневното работење доколку се појави потреба од воведување на нова услуга, Општина Валандово е спремна во своите законски надлежности и можности да ја воведе истата.

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер

Владимир Лазов